МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Наставна програма**

# Руски јазик

## за VII одделение

Скопје, 2023 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Руски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Јас и другите<br>• Мојот дом<br>• Храна<br>• Време |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Компјутер, печатач, проектор, табла, CD/DVD - плеер, интерактивна табла<br>• Слики, постери, фотографии, предмети, флеш-карти, стикери, хартија во боја, хамер, ножици, лепак, блокови, дрвени боички, фломастери<br>• Учебник, прирачници, речник, списанија (печатена и/или електронска форма) |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по *руски јазик* може да ја изведува лице со:<br>Завршени студии по руски јазик и литература – наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- Завршени студии по руски јазик и книжевност – наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- Завршени студии по руски јазик и литература – друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- Завршени двопредметни студии по македонски и руски јазик, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, |

| | |
|---|---|
| | - завршени студии по руски јазик и литература/книжевност- друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска подготовка за наставата по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС.<br>- Завршени двопредметни студии по руски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Завршени студии по руски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Завршени студии по руски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-A.12 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина); |
| II-A.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија; |
| II-A.14 | да чита куси, едноставни текстови и да разбере куси едноставни пораки во рамки на позната тематика; |
| II-A.15 | да најде конкретни информации во едноставни секојдневни материјали, од видот реклами, проспекти, менија, возни редови и сл.; |
| II-A.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности; |
| II-A.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика; |
| II-A.18 | да користи низа од фрази и реченици за да го опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интресите и секојдневните активности; |
| II-A.19 | да напише куси, едноставни белешки и пораки коишто произлегуваат од |

| | |
|---|---|
| | секојдневна потреба. |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не јапопречуваат комуникацијата, |
| II-A.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила, |
| II-A.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| III-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комунакација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| III-Б.2 | познавањето на повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини; |
| III-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури; |
| III-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Дигитална писменост** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми кои му/ѝ се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-A.6 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, во социјални активности или за лични потреби. |
| IV-A.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-A.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |

| | |
|---|---|
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето; |
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Личен и социјален развој**

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојбата во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Општество и демократска култура** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Уметничко изразување и култура** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување. |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: **ЈАС И ДРУГИТЕ**

Вкупно часови: 18

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ги препознава основните информации во куси искази во врска со физичкиот изглед и карактерните особини;
2. поставува и одговара на едноставни прашања во врска со облеката;
3. ги опишува блиските (изглед, карактерни особини и возраст);
4. пишува краток текст со едноставни реченици во кој опишува другар/другарка;
5. анализира разлики во начинот на облекување во различни земји.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **Јазични функции:**<br>• **Опишување физички изглед на луѓе**<br>*(Как выглядит Миша? Я в первый раз с ним встречаюсь, опиши его. Миша невысокий, стройный. А Маша? Маша* | • Применува новонаучени зборови и изрази поврзани со физичкиот изглед.<br>• Препознава информации во куси искази поврзани со надворешниот изглед.<br>• Пишува куси и едноставни реченици за да опише некого. |

| | |
|---|---|
| *высокая, полная. Какого она роста? Какие у неё глаза? Глаза-карие, волосы-каштановые.*<br>• **Опишување карактерни особини**<br>*(Какой у тебя/ у нее/ у него характер? Он добрый, веселый и храбрый.)*<br>• **Барање и давање информација за облеката што некој ја носи**<br>*(Кто эта девочка в синих джинсах и белой рубашке? Как одета Маша? Она в красной юбке и красной футболке. Какие у тебя модные сапоги!!! Какого цвета у тебя платье?)* | • Ги опишува блиските според изгледот и карактерните особини.<br>• Ги разбира новонаучените зборови за опис на надворешен изглед.<br>• Учествува во дијалог преку поставување или одговарање на куси прашања поврзани со нечија облека.<br>• Применува правилни јазични структури за искажување омилена боја. |
| **Лексички единици**<br>• именки што означуваат делови од телото (*глаза, волосы, нос, губы).*<br>• придавки што се користат при опис на надворешен изглед *(высокий, низкий, полный, худой, широкий, длинные, короткие, светлые, тёмные).*<br>• Придавки што се користата за опис на карактер (*храбрый, тихий, веселый, добрый).*<br>• именки што означуваат облека и лични предмети (*одежда, рубашка, брюки, джинсы, очки, футболка, туфли, кроссовки).*<br>• лексеми што означуваат бои (*зелёный, голубой, серый, белый, красный).*<br>• Броеви до 100. | • Распознава лексеми што означуваат делови од телото.<br>• Составува куси искази со употреба на новонаучените лексеми од дадената тематика.<br>• Помни придавки што се користат при опис на надворешен изглед.<br>• Составува синтагми со употреба на придавки за опис на надворешен изглед.<br>• Набројува именки што означуваат облека.<br>• Пишува куси и едноставни реченици во кои употребува лексеми што означуваат бои.<br>• Ги помни броевите до 100.<br>• Ги користи броевите до 100 во кратки реченици. |

| | |
|---|---|
| **Граматички содржини**<br>• Усогласување на придавки со именките по род и број.<br>• Проста форма за компаратив кај придавките (*старше, ниже*).<br>• Конструкција предлог у + именка во генитив (*У Кати синие туфли.*)<br>• Употреба на генитив со броеви (*три года, пять лет)*<br>• Лични заменки во номинатив, датив и генитив (*я, ты, он, она, оно, мы, вы, они:* ***Мне*** *очень нравится белый цвет. А тебе?* ***У него*** *карие глаза.).*<br>• *Прашални заменки* (какой?, как?).<br>• Интонација кај прашални и извични реченици.<br>• Сегашно време од глаголите со епентетско л (*любить, купить, ловить, спать)* . | • Составува куси реченици со усогласување на придавките и именките по род и број.<br>• Препознава форма за компаратив кај придавките.<br>• Креира кратки искази со употреба на компаратив при опис на надворешен изглед.<br>• Пишува кратки реченици со примена на конструкција предлог у + именка во генитив.<br>• Формира кратки искази со правилна употреба на лични заменки во генитив.<br>• Пишува кратки реченици со употреба на лични заменки во датив.<br>• Препознава интонација на извична и прашална реченица.<br>• Применува правилна интонација при изговор на извични и прашални реченици.<br>• Разликува прилози за место и време.<br>• Креира кратки фрази со употреба на сегашно време од глаголите со епентетско л. |
| **Содржини за дискусија**<br>• Сличности и разлики во начинот на облекување на учениците во Русија и Македонија. | • Го споредува начинот на облекување на учениците во Русија и во Македонија.<br>• Опишува вообичаен начин на облекување во двете земји. |

**Примери за активности:**

- **Слушање, разликување и изговор на гласовите**. На дадена песна, учениците е потребно да го препознаат гласот во одредени зборови, креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас. Учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Спелување зборови. Наставникот дели ливчиња на учениците со препознатливи зборови. Секој ученик влече ливче, го спелува зборот.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за рускиот јазик. Пр. повторување кратки искази по слушнат модел.
- *Игра меморија.* Учениците добиваат ливчиња со поими, на мајчин јазик и на руски јазик, кои ги означуваат деловите од телото. Ги наоѓаат паровите-еквивалентни зборови на двата јазика.

- Учениците играат игра - стојат во круг и со додавање на топка се опишуваат помеѓу себе, играта трае додека секој ученик не опише еден од учениците во одделението- надворешен изглед *(высокий, низкий, полный, худой, широкий, длинные, короткие, светлые, тёмные, одежда, рубашка, брюки, джинсы, очки, футболка, туфли, кроссовки);*
- Учениците поврзуваат слика од некоја активност со соодветниот глагол во сегашно време.
- Учениците изработуваат постер со делови од облеката
- Активност за активирање на предзнаењата на учениците - учениците ги активираат предзнаењата од мајчиниот јазик на конкретна тема, а потоа на табла се пишуваат зборовите на руски јазик и учениците составуваат реченица со новите зборови.
- Игра меморија - на учениците им се делат картички напишани половина со броеви, а другата половина со зборови. Тие имаат задача да ги поврзат броевите од 20  до 100 со соодветните зборови.
- *Броење до 100.* Учениците последователно ги изговараат броевите до 100,  а останатите внимаваат за да знаат да продолжат, кога ќе дојде нивниот ред.
- Учениците во групи изработуваат колаж со членовите на потесното и поширокото семејство, потоа употребувајќи го компаративот ја претставуваат возраста на членовите;
- Учениците во групи составуваат кратки дијалози со примена на  конструкција предлог у + именка во генитив и на крајот групата со најголем број дијалози се прогласува за победник.
- Учениците добиваат картички со личните заменки и  глаголите со епентетско л (*любить, купить, ловить, спать)*, секој влече од двете и има за задача да состави едноставна-проста реченица.
- Секој ученик извлекува една картичка со придавка или пак картичка на која е напишан компаратив. Учениците слободно се движат низ училницата, си ги покажуваат картичките и го наоѓаат својот пар и ги запишуваат паровите на табла.
- Учениците добиваат картички со составните делови на една прашална или исказна реченица и ги подредуваат по правилен редослед елементите во реченицата.
- Работа во парови. Секој пар влече картички со куси реченици кои ги толкуваат од руски на мајчин јазик.
- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- Учениците усно, во парови, трансформираат реченици  од еднина во множина и обратно.
- Реченици во негативна форма. Учениците составуваат кратки реченици во потврдна форма на исечоци од лист и ги ставаат во кутија. Потоа секој ученик влече ливче и ја кажува или ја запишува на табла реченицата во негативна форма.
- Во даден временски период, учениците пополнуваат празни места во табели и реченици со употреба на лични заменки во датив.
- Учениците пополнуваат формулар во кој внесуваат лични податоци и интереси.
- *Опишување на најдобриот другар*. Учениците индивидуално изработуваат и усно го претставуваат.
- Проектна задача – Групно истражување за тоа како се облекуваат младите во Русија и презентации на истото по групи.

Тема: **МОЈОТ ДОМ**

Вкупно часови: 18

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ги наброи просториите во домот, мебелот и предметите во просториите;
2. ги опише активностите во просториите во домот;
3. да разбере кус едноставен текст и инструкции поврзани со активностите во домот;
4. напише кус состав за секојдневните активности во домот;
5. споредува обичаи и традиции поврзани со домот во различни земји.

<table>
<tr><th>Содржини (и поими):</th><th>Стандарди за оценување:</th></tr>
<tr><td>
• Јазични функции<br>
• опишување на домот и просториите во него (У нас большой дом. Мы живем в маленькой квартире. Моя комната очень светлая. У нас узкая кухня.)<br>
• опишува на мебел и предмети во просториите (Моя кровать удобная. В гостиной красивое кресло.)<br>
• опишување вообичаени активности во просториите во домот (Где вы готовите еду и поете посуду? Что вы делаете в ванной? Умываюсь, чищу зубы, принимаю душ.)<br>
• искажување просторни односи (Где рюкзак? - Под столом. Где картина? - Над доской. Слева от шкафа – доска.)
</td><td>
• Препознава лексика со значење мебел.<br>
• Ги помни називите на просториите во домот.<br>
• Учествува во дијалог поврзан со вообичаените активности во просториите во домот.<br>
• Формира кратки искази за опишување на домот.<br>
• Пишува куси реченици во кои ги опишува просториите во домот.<br>
• Користи правилни модели за искажување просторни односи.
</td></tr>
<tr><td>
Лексички единици:<br>
• именки што означуваат видови живеалишта и простории во домот (квартира, дом, кухня, гостиная, спальня, детская, коридор, балкон)
</td><td>
• Именува простории во домот.<br>
• Разбира едноставни упатства за активностите во домот.<br>
• Ги користи новонаучените лексеми при опишување на живеалиштето.<br>
• Ги помни именките што означуваат мебел.<br>
• Формира синтагми за опишување на просториите и мебелот.
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • **именки што означуваат мебел и апарати** (*диван, кресло, стул, стол, шкаф, полка, лампа, телевизор, микроволновая печь, холодильник, стиральная машина)*<br>• **лексеми за означување активности во домот** *(убирать, чистить, готовить, мыть)*<br>• **придавки што се користат за опис на домот и просториите во него** (*большой, удобный, высокий, узкий*) | • Преведува едноставни реченици од руски на мајчин јазик на дадената тематика. |
| Граматички содржини:<br>• **Именки во генитив за означување присвојност** (*Комната Вани. Квартира Оли.)*<br>• **Именки во локатив** (*в доме, на стене)*<br>• **Именки во локатив со наставка -у** *(в углу, в шкафу, на полу)*<br>• **Именки во инструментал со просторно значење** (*за углом, под столом, за лестницей*..)<br>• **Присвојни заменки** (*мой, моя, моё, ваш, наш, его, ее, их)*<br>• **Прилози за место- статични** (ГДЕ?: *здесь, тут, там, везде, нигде, наверху, внизу, дома, слева, справа*... )<br>• **Прилози за место – насока за движење (**КУДА? ОТКУДА?: *сюда, туда, никуда, вверх, вниз, домой, направо..., отсюда, оттуда*)<br>• **Глаголите** стоять, лежать, находиться, висеть, чистить, готовить, мыть **во сегашно време.** | • Ги препознава формите за искажување присвојност со генитив во дадени реченици.<br>• Креира кратки искази со употреба на формите на генитив кај именките.<br>• Препознава именки во локатив за изразување на просторни односи.<br>• Составува куси реченици со примена на именки во локатив за изразување на просторни односи.<br>• Креира конструкции со примена на именки со инструментал со просторно значење.<br>• Препознава присвојни заменки.<br>• Пишува кратки искази со употреба на присвојни заменки.<br>• Разликува прилози за место и насока на движење.<br>• Користи правилен прилог во кратки искази.<br>• Формира кратки синтагми со правилна лична форма на глаголите што се користат за опис на локацијата на предметите во просторијата. |
| **Содржини за дискусија:**<br>• Обичаи и традиции поврзани со вселување во нов дом во Русија и во Македонија.<br>• Разлика во одредувањето на катноста на домот во Русија и во Македонија.<br>• Специфични називи на простории во Русија *(погреб, изба).* | • Ги разбира разликите во одредувањето на катноста во домот во двете земји.<br>• Ги споредува обичаите и традициите поврзани со вселување во нов дом во Русија и во Македонија.<br>• Користи правилни изрази при опишување на одредени простории во домот. |

| | |
|---|---|
| | |

**Примери за активности:**

- **Слушање, разликување и изговор на гласовите**. На дадена песна, учениците е потребно да го препознаат гласот во одредени зборови, креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас. Учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Спелување зборови. Наставникот дели ливчиња на учениците со препознатливи зборови. Секој ученик влече ливче, го спелува зборот.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за рускиот јазик. Пр. повторување кратки искази по слушнат модел.
- *Игра меморија.* Учениците добиваат ливчиња со поими, на мајчин јазик и на руски јазик, кои означуваат мебел. Ги наоѓаат паровите-еквивалентни зборови на двата јазика, потоа ги пишуваат на табла.
- Учениците поврзуваат слика од некоја активност со соодветниот глагол (стоять, лежать, находиться, висеть) во сегашно време
- Учениците во групи изработуваат постер на кој го претставуваат домот и просториите во него;
- Активност за активирање на предзнаењата на учениците - учениците ги активираат предзнаењата од мајчиниот јазик на конкретна тема, а потоа на табла се пишуваат зборовите на руски јазик и потоа учениците составуваат реченица со новите зборови.
- Игра меморија - на учениците им се делат картички со слики од мебел, а другата половина со зборови. Тие имаат задача да ги поврзат сликите со називот.
- Учениците составуваат краток дијалог со примена на  именките во генитив.
- Учениците добиваат картички со присвојни заменки и  со глаголите стоять, лежать, находиться, висеть во сегашно време секој влече од двете и има за задача да состави едноставна-проста реченица.
- Секој ученик извлекува една картичка со придавка или пак картичка на која е напишан компаратив. Учениците слободно се движат низ училницата, си ги покажуваат картичките и го наоѓаат својот пар и ги запишуваат паровите на табла
- Учениците добиваат картички со составните делови на една прашална или исказна реченица и ги подредуваат по правилен редослед елементите во реченицата.
- Учениците усно, во парови, трансформираат реченици  од еднина во множина и обратно.
- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- Учениците усно, во парови, употребуваат именки во локатив за изразување на просторни односи;
- Пополнување празни места во табели и реченици со правилна употреба на прилози за место и насока на движење;
- *Опишување на сопствениот дом*. Учениците индивидуално изработуваат и усно го претставуваат.

- Проектна задача - Моето училиште и училиштето на мојот другар од Русија: Пребарување на интернет и собирање фотографии и информации за училиштата во двете земји (училишна зграда, училница, распоред на часови, одмор, спортска сала, кантина и сл.) и изработка на постер што ќе биде изложен во училница или преку ПП презентација.

Тема: **ХРАНА**

Вкупно часови: 18

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. препознае и разбере информации поврзани со секојдневните оброци и омилена храна;
2. бара информации и одговара на прашања за прехрамбени продукти;
3. прави споредба на оброци и пијалоци;
4. поставува прашања и дава одговори во врска со омилените продавници за прехрамбени продукти;
5. да напише краток текст за разликите и сличностите во македонската и руската кујна.

| Содржини (и поими): | Стандарди за оценување: |
| --- | --- |
| • Јазични функции<br>- **Барање и давање информации за секојдневните оброци/омилена храна (***Что можно есть на завтрак? Что ты любишь есть? Что ты обычно ешь на ужин? Что обычно ешь на ужин? Что можно есть на обед? Что обычно ешь на обед/ужин? Какое твоё любимое блюдо? Я завтракаю...я всегда ем... я пью...на обед у меня......мясо, фрукты, овощи, напитки)*<br>- **Разменување информации и искажување допаѓање / недопаѓање на прехранбени продукти, продавници и сл.** (*Ходишь ли ты в магазин/ на рынок за продуктами? Какие продукты ты чаще всего покупаешь? Какие молочные продукты покапаешь? Что любишь больше, фрукты или овощи?)* | • Помни конструкции за искажување омилена храна.<br>• Креира едноставни искази поврзани со секојдневните оброци.<br><br>• Разбира едноставни информации во врска со прехранбени продукти.<br>• Учествува во дијалози за искажување на омилена/неомилена храна и пијалак.<br><br>• Прашува и одговара на прашања поврзани со цената на прехранбените продукти.<br>• Пополнува прашалник за цени на омилени продукти. |

| | |
|---|---|
| - **прашување за цена на храна** *(Сколько стоит?)* | |
| **Лексички единици:**<br>**Лексика која е поврзана со храна, пијалаци, прехранбени продукти, оброци, продавници** и сл. (*хлеб, колбаса, гречка, сосиски, яйцо, хлопья, мюсли, сыр, масло, майонез, сметана, джем, мёд, шоколадная паста, молоко, йогурт, суп, мясо, рыба, картофель, рис, голубцы, фасоль, запеканка с мясом, борщ, пельмени,щи,* и др.)<br>**лексика што означува оброци** *(завтрак, обед,ужин, полдник)* | - Разбира лексика поврзана со темата храна.<br>- Ги користи зборовите кои означуваат храна и пијалаци во едноставни дијалози.<br>- Поставува и одговара на прашања за секојдневните оброци.<br>- Пишува искази со примена на новонаучените зборови. |
| **Граматички содржини:**<br>**Именки во акузатив**<br>*(Что ты любишь? Я люблю гречку.*<br>*Что ты обычно ешь на обед? Обычно ем суп, салат, курицу и торт).*<br><br>**Именки во инструментал со предлогот с** (*хлеб с маслом, чай с сахаром и лимоном, бутерброд с ветчиной).*<br><br>**Именки во генитив со предлогот без** *(салат без колбасы, кофе без сахара).*<br><br>**Заменки во датив во комбинација со глаголите НРАВИТЬСЯ – ПОНРАВИТЬСЯ** (Мне нравится / не нравится.....Ему понравился / не понравился обед). | - Препознава именки во акузатив во куси дијалози.<br>- Составува кратки реченици со употреба на именки во акузатив.<br><br>- Препознава именки во инструментал со предлогот **с** во дадени куси реченици.<br>- Разликува конструкции со инструментал со предлогот **с** и генитив со предлогот **без.**<br>- Користи правилна конструкција со инструментал или генитив при пишување на кратка реченица.<br><br>- Препознава дативна форма на заменки во куси реченици.<br>- Пишува реченици користејќи заменки во датив во комбинација со глаголите **НРАВИТЬСЯ – ПОНРАВИТЬСЯ.**<br><br>- Образува едноставни синтагми од придавка и именка во соодветна форма за род и број.<br>- Пишува кратки реченици во кои користи правилни форми на придавките. |

| | |
|---|---|
| **Согласување на придавки со именки по род и број**<br>*(Я купил чёрный хлеб.*<br>*Мама варит русский борщ.)*<br><br>**Глагол есть (кушать)**<br><br>**Броеви:**<br>- Броеви до 1000,<br>- Редни.<br>**Глаголи на движење:**<br>Идти-ходить; ехать-ездить | - Препознава форма за лице и број на глаголот **есть** во реченица.<br>- Ја разбира разликата меѓу глаголите **есть (кушать)** и **есть (быть/ иметь).**<br>- Пишува кратки искази со употреба на глаголот **есть.**<br><br>- Помни броеви до 1000.<br>- Креира реченици со употреба на редни броеви.<br><br>- Разбира разлика меѓу глаголи со значење за еднонасочно движење и повеќенасочно движење.<br>- Составува едноставни искази со правилна употреба на глаголите за движење. |
| **Содржини за дискусија:**<br><br>Традиционална руска и македонска кујна, сличности и разлики. | - Ги анализира разликите и сличностите на македонската и руската традиционална кујна. |

**Примери за активности:**

- **Слушање, разликување и изговор на гласовите**. На дадена песна, учениците е потребно да го препознаат гласот во одредени зборови, креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас. Учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Спелување зборови. Учениците работат во пар, а наставникот им дели ливчиња на учениците со препознатливи зборови. Секој ученик влече ливче, го спелува зборот. Другиот ученик од парот го запишува зборот на табла. Заеднички проверуваат од ливчето кое го извлекле дали зборот е правилно напишан.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за рускиот јазик. Пр. повторување кратки искази по слушнат модел.
- *Игра меморија.* Учениците работат во групи. Секоја група добива ливчиња со поими, на мајчин јазик и на руски јазик, кои означуваат храна, пијалаци, прехранбени продукти. Ги наоѓаат паровите-еквивалентни зборови на двата јазика и истите ги презентираат. Онаа група која ќе заврши прва е победник.

- Учениците играат игра - стојат во круг и со додавање на топка дознаваат за омилента храна на другиот. Играта трае додека секој ученик не одговори на прашањето Мне нравится / не нравится....., *Что ты обычно ешь на обед?*
- Учениците поврзуваат слика од некоја активност со соодветниот глагол со значење еднонасочно движење и повеќенасочно движење.
- Учениците поделени во групи, добиваат задолжение да изработат постер со намирници кои означуваат здрава храна (пирамида за здрава исхрана), користејќи дадени зборови.
- Работа во групи. Учениците ги активираат предзнаењата за лексика од конкретната тема. Наставникот ги запишува сите зборови на табла. Потоа учениците си поставуваат прашања во групата и прават табела на намирници кој ги сакаат /омилени и намирници кој не ги сакаат. Секоја група ја презентира табелата, а потоа ги споредуваат различните табели и дискутираат за истите.
- Игра бесилка: еден ученик излегува на табла, замислува некој пијалак и другите ученици погодуваат. Оној кој ќе освои најмногу поени, односно ќе погоди најголем број на букви е победник и потоа тој ја продолжува активноста.
- Активност за активирање на предзнаењата на учениците - учениците ги активираат предзнаењата од мајчиниот јазик на конкретна тема, а потоа на табла се пишуваат зборовите на руски јазик и потоа учениците составуваат реченица со новите зборови.
- Игра меморија - на учениците им се делат картички напишани половина со броеви, а другата половина со зборови. Тие имаат задача да ги поврзат броевите со соодветните зборови.
- Учениците во парови составуваат реченици со употреба на редни броеви.
- Учениците во групи изработуваат колаж со омилените видови храна.
- Секој ученик извлекува една картичка со глаголи со значење еднонасочно движење и повеќенасочно движење. Учениците слободно се движат низ училницата, си ги покажуваат картичките и го наоѓаат својот пар, ги запишуваат паровите на табла и истите ги употребуваат во реченица.
- Учениците добиваат картички со составните делови на една прашална или исказна реченица и ги подредуваат по правилен редослед елементите во реченицата.

  Учениците во група составуваат краток дијалог со употреба на именки во акузатив, а потоа го презентираат пред останатите ученици.
- Работа во парови. Секој пар влече картички со куси реченици кои ги толкуваат од руски на мајчин јазик.
- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- Учениците составуваат кратки реченици со употреба на редни броеви и ги ставаат во кутија. Потоа секој ученик влече ливче и ја кажува или ја запишува на табла реченицата.
- Во даден временски период, учениците пополнуваат празни места во табели и реченици со употреба на глаголите за движење.

- Учениците пополнуваат формулар во кој пишуваат омилена и*/или неомилена храна и пијалак.
- Проектна задача – Групно истражување за подготовка на традиционалните јадења од руската и македонската кујна и презентација на истите.

Тема: **ВРЕМЕ**

Вкупно часови: 18

**Резултати од учење:**
Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Опише активности поврзани со временските услови, користејќи ја усвоената лексика;
2. Даде сопствено мислење за временските услови и годишните времиња;
3. Побара информации, да ги разбере и да одговори на прашање во врска со временските услови во куси пишани или слушнати текстови;
4. Со куси реченици опишува метеролошко наспроти хронолошко време;
5. Ги споредува временските услови во различните земји употребувајќи куси и едноставни искази, писмено или усно.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • Јазични функции<br>- **Давање/барање информација за временските прилики** *(Какая вчера была погода? Какую погоду ты любишь?)*<br>- **Опишување на годишните времиња** *(Какое твоё любимое время года? Какое время года ты любишь? Какое время года тебе нравится? Почему?)*<br>- **Искажување временски односи (***днем, ночью, утром, вечером, в полдень, по вторникам, летом, зимой)*<br>- **Опишување на вообичаени активности поврзани со конкретен временски период или временски услови** *(Зимой мы катаемся на санках/лыжах/коньках. Летом* | • Разбира кратки искази и реченици поврзани со временските услови.<br>• Учествува во дијалог преку поставување и одговарање на куси прашања поврзани со временските прилики.<br><br>• Распознава искази за опишување на годишно време.<br>• Пишува едноставни реченици во врска со дадена тема.<br><br>• Помни изрази за искажување временски односи.<br>• Искажува сопствено мислење за годишните времиња.<br><br>• Преведува едноставни искази од руски на македонски за искажување временски односи.<br>• Учествува во дијалог во врска со вообичаените активности за различните годишни времиња. |

| | |
|---|---|
| *плаваем/загораем. Когда идет снег, лепим снеговик.)* | • Раскажува со куси реченици за активностите поврзани со конкретно годишно време. |
| **Лексички единици:**<br>**Лексика/изрази поврзани со:**<br>- **календар (***январь, февраль, март, апрель, май, июнь, июль, август, сентябрь, октябрь, ноябрь, декабрь),*<br>- **годишните времиња (***лето, зима, осень, весна),*<br>- **временските услови (***гроза, дождь, снег, осадки, ветер, холодно, душно, жарко, прохладно, солнечно, хмуро, переменчивая погода),*<br>- **хронолошко наспроти метеоролошко време:** (*время, погода, пора*),<br>- **слободни активности** (*кататься на санках/лыжах/коньках,плавать/загорать, играть в мяч/играть в снежки).* | - Разбира зборови со кои се опишуваат временските услови.<br>- Набројува месеци во годината и називите на годишни времиња.<br><br>- Креира искази со употреба на новонаучената лексика.<br>- Пишува состав за омиленото годишно време.<br><br>- Користи правилна лексема за означување хронолошко и метеоролошко време во кратки дијалози.<br><br>- Помни лексика поврзана со слободните активности.<br>- Поставува и одговара на прашања поврзани со активностите карактеристични за различни годишни времиња. |

<table>
<tr><td>Граматички содржини:<br>Именки<br>Именки во датив за искажување време (по понедельникам, по вторникам).<br>Именки во локатив за искажување време (в марте, в апреле).<br><br>Придавки<br>Описни придавки (голубое небо, сильная гроза, зеленая трава, ранняя весна, теплый дождь).<br>Односни придавки (летний, весенний, дождливый).<br>Сложена форма на компаратив (более умный, умная, умное, умные).<br><br>Глаголи<br>Глаголи во сегашно време (кататься, плавать, загорать, играть).<br>Глаголи во минато време (читал, читала, читало, читали, одевался, одевалась, одевалось, одевались).<br>Глаголи за движење (нести-носить; вести- водить, везти - возить).</td><td>- Распознава дативна форма кај именките во кратки реченици.<br>- Разликува именки во датив и именки во локатив за искажување време во куси дијалози.<br>- Пишува реченици со правилна употреба на падежните форми за искажување време.<br><br>- Помни описни придавки што припаѓаат на дадената тематика.<br>- Разликува описни и односни придавки во дадени реченици.<br>- Составува реченици со употреба на сложена форма на компаратив кај придавките.<br><br>- Препознава форма на минато време на глаголите.<br>- Формира реченици со употреба на правилни форми за минато време.<br>- Користи соодветни глаголи за движење во зависност од тоа дали се работи за превозно средство или не.<br><br>- Пишува куси и едноставни реченици употребувајќи правилни форми од глаголите во сегашно време.<br>- Преведува едноставни искази со употреба на сегашно време од глаголите за опишување на активности од руски на мајчин јазик.</td></tr>
<tr><td>Содржини за дискусија:<br>Разлики и сличности на временските прилики во Македонија и во Русија.</td><td>- Ги опишува разликите во врска со временските прилики во Русија и во Македонија.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Примери за активности:</td></tr>
</table>

- **Слушање, разликување и изговор на гласовите**. На дадена песна, учениците е потребно да го препознаат гласот во одредени зборови, креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас. Учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Спелување зборови. Наставникот дели ливчиња на учениците со препознатливи зборови. Секој ученик влече ливче, го спелува зборот.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за рускиот јазик. Пр. повторување кратки искази по слушнат модел.
- *Работа во групи.*Учениците добиваат ливчиња со поими кои ги означуваат месеците во годината и годишните времиња. Наставникот ги дели учениците во четири групи. Секоја група треба да напише активности за одредено годишно време, односно за годишното време кое го избрала групата.
- Учениците играат игра - стојат во круг и со додавање на топка го опишуваат своето омилено годишно време - *Какое время года тебе нравится? Почему?*
- Учениците поврзуваат слика од некоја активност со соодветниот глагол за движење. Реченицата ја запишуваат на табла.
- Учениците во групи изработуваат постер преку кој ги презентираат годишните времиња.
- Активност за активирање на предзнаењата на учениците - учениците ги активираат предзнаењата од мајчиниот јазик на конкретна тема, а потоа на табла се пишуваат зборовите на руски јазик и потоа учениците составуваат реченица со новите зборови.
- Работа во парови. Секој пар добива по неколку прашања. Тие составуваат краток дијалог со прашањата кој ги добиле употребувајќи правилни падежни форми за искажување време. Дијалозите ги запишуваат во тетратките, а наставникот ги проверува.
- Учениците добиваат картички со описни и односни придавки секој влече и има за задача да состави едноставна-проста реченица.
- Секој ученик извлекува една картичка со придавка или сложена форма на компаратив кај придавките . Учениците слободно се движат низ училницата, си ги покажуваат картичките и го наоѓаат својот пар. Паровите ги запишуваат на табла. Потоа секој пар треба да напише едноставна реченица во која ќе ги употреби зборчињата од картичките. Реченициte ги запишуваат на табла.
- Учениците добиваат картички со составните делови на една прашална или исказна реченица и ги подредуваат по правилен редослед елементите во реченицата.
- Работа во парови. Секој пар влече картички со куси реченици кои ги толкуваат од руски на мајчин јазик.
- Учениците работат во групи при што едниот пар добива работен лист со одговори и податоци кои треба да ги искористи за поставување прашања, а другиот пар добива работен лист со прашања и податоци кои треба да ги искористи за давање одговори на поставените прашања. На крај од вежбата паровите ги споредуваат работните листови.

- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- Учениците усно, во парови, трансформираат реченици од сегашно во минато време.
- Учениците составуваат кратки реченици во сегашно време на исечоци од лист и ги ставаат во кутија. Потоа секој ученик влече ливче и ја кажува или ја запишува на табла реченицата во минато време.
- Пополнување празни места во табели и реченици со правилна употреба на падежни форми за искажување време.
- *Опишување на омиленото годишно време*. Учениците индивидуално пишуваат краток состав и усно го претставуваат.
- Проектна задача – Групно истражување за тоа какви се временски прилики во Русија и во Македонија и потоа презентираат.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноптравност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во седмо одделение по

предметот Руски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и пишување (писмена интеракција и писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- вербално и невербално реагирање по слушнат исказ;
- читањето и разбирањето на куси искази и куси дијалози, куси стихотворби;
- правилно пишување на зборови, куси реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- пишување кратки и едноставни реченици и текстови на зададени теми;
- индивидуални и групни изработки на проектни задачи (постери, илустрации, дневници…);
- домашните задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење и оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2024/2025 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Руски јазик* за VII одделение.** | бр. 12-12122/18<br>8.11.2023 година<br><br>**Министер за образование и наука**<br>**Doc. d-r Jeton Shaqiri, с.р.**<br><br>______________________________ |